# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 19 Декември 2022 година Скопје Бр.17 Год. XVII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Донации ....................стр.2
2. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Буџет ....................стр.4
3. Одлука за именување претставник од редот на родители во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка „Росица“ - Општина Ѓорче Петров-Скопје ............стр.6
4. Одлука за давање согласност за отворање на наменска сметка ....................стр.8


Декември 2022 година

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Донации**

**Се објавува Одлуката за за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Донации, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 23-та седница на Советот, одржана на ден 19.12.2022 година.**

**Број 09-2371/1**
**од 19.12.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02), член 28 точка 1 од Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Пречистен текст и Статутарните одлуки за измена и дополнувања на Статутот na Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-та седница одржана на 19.12.2022 година донесе:**

## О Д Л У К А
## за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Донации

### Член 1

**Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона на Донации на следниот начин:**
**Се намалуваат расходите на следната потставка**

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИНА. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Н1-Основно образование | | | | | |
| 423410-прехрамбени продукти и пијалоци | 0 | 0 | 0 | -17.762,00 | 0 |
| 423990-други материјали | 0 | 0 | 0 | -10.000,00 | 0 |
| 425920-услуги за копирање.печатење | 0 | 0 | 0 | -12.500,00 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | -40.262,00 | 0 |

**И се распоредуваат на следната потпрограма и потставка:**

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Н1-Основно образование | | | | | |
| 425970-консултантски услуги | 0 | 0 | 0 | +40.262,00 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | +40.262,00 | 0 |

### Член 2

**Одлуката за измена на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Ѓорче Петровза 2022 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

### Член 3

**Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката со бр.08-2276/4 од 12.12.2022 година.**

**Број 08- 2342/3** — **Совет на општина Ѓорче Петров**
**19.12.2022 година** — **Претседател**
**Скопје** — **Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Буџет**

**Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Буџет, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 23-та седница на Советот, одржана на ден 19.12.2022 година.**

**Број 09-2371/2**
**од 19.12.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02), член 28 точка 1 од Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Сл.Весник на Република С.Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и бр. 5/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-та седница одржана на 19.12.2022 година донесе:**

## О Д Л У К А
## за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона Буџет

### Член 1

**Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона на Буџет на следниот начин:**

**Се намалуваат расходите на следната потставка**

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИНА. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Е0-Општинска администрација<br>401120 -Основни плати<br>Државни службеници | -1.100.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | -1.100.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**И се распоредуваат на следната потпрограма и потставка:**

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Е0-Општинска администрација<br>404110-Надомест за годишен одмор | +1.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401320-Персонален данок на доход<br>од надоместоци | +100.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | +1.100.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |

### Член 2

**Одлуката за измена на распоредот на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08- 2342/4**
**19.12.2022 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување претставник од редот на родители во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца - детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Се објавува Одлуката за именување претставник од редот на родители во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца - детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 23-та седница на Советот, одржана на ден 19.12.2022 година.**

**Број 09-2371/3**
**од 19.12.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 114 став 16, 17 и 18 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ 104/19, 146/19, 275/19, 311/2020 и 294/2021), член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 23-та седница одржана на ден 19.12.2022 година, донесе**

## О Д Л У К А
## за именување претставник од редот на родители во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца - детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје

### Член 1

**Со оваа Одлука се врши именување на претставник во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца - детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје, од редот на родители и тоа:**

- **Јован Попоски – претставник во Совет на родители во ЈОУДГ „Росица“ од објектот „Рипчиња“.**

### Член 2

**Мандатот на претставниците во Управниот одбор трае 4 (четири) години.**

### Член 3

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08- 2342/5**
**19.12.2022 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за отворање на посебна наменска сметка**

**Се објавува Одлуката за отворање на посебна наменска сметка, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 23-та седница на Советот, одржана на ден 19.12.2022 година.**

**Број 09-2371/4**
**од 19.12.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 38 став 1 алинеа 12 и член 39 став 2 од Законот за Буџети („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/05, 4/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на Република С. Македонија бр.151/21), глава IV од Упатството за начинот на трезорско работење („Службен весник на Република Македонија бр. 219/18), како и врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 18/13) и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 23-та седница одржана на 19.12.2022 година донесе:**

## О Д Л У К А
## за отворање на посебна наменска сметка

### Член 1

**Се отвора посебна наменска сметка во рамките на трезорските сметки на општината.**

### Член 2

**На наменската сметка се уплатуваат финансиските средства одобрени со Одлука на Владата на Република Северна Македонија со бр.41-8390/6 од 25.11.2022 година, преку Министерство за транспорт и врски, наменети за ископ на бунар во село Кучково.**

### Член 3

**Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службениот гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08- 2342/6**
**19.12.2022 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Ленче Нелоска с.р.**